**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Бр.______________**

**_________2014 год.**

**С К О П Ј Е**

Согласно член 9 алинеја 6 од Законот за судски буџет (Службен весник на РМ 60/2003, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на _____ седница одржана на _____ донесе

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2013 ГОДИНА

**НАДЛЕЖНОСТИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

Согласно Законот за судски буџет, Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и трошоците на судската власт што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финансирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

За вршење на работите во врска со судскиот буџет се формира Судски буџетски совет. Членови на Судскиот буџетски совет се: претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, Министерот за правда, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Управниот суд, претседателот на Апелациониот суд Скопје, Апелациониот суд Штип, Апелациониот суд Битола и Апелациониот суд Гостивар, двајца претседатели на основни судови по редослед утврден со Законот за судовите, од кои еден претседател од судовите со проширена надлежност, по системот на ротација, со мандат од две години и директорот за на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во работата на Судскиот буџетски совет учествуваат и претставници од Министерството за финансии, но без право на одлучување.

Судскиот буџетски совет ги има следните надлежности;

- ги утврдува методологијата и критериумите за распределба на судскиот буџет;
- врши распределба на средствата од судскиот буџет и превзема мерки за навремено извршување на судскиот буџет;
- одобрува средства за нови вработувања во судовите во рамките на утврдениот судски буџет за маса на исплата на плати;
- го назначува внатрешниот ревизор;
- го донесува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти и формира помошни тела;
- го изготвува годишниот Извештај за извршување на судскиот буџет;
- врши пренамена на намената на средствата определени во делот Судска власт и може да го овласти претседателот на Судскиот буџетски совет да врши пренена на средствата од судскиот буџет определени во делот судска власт до определен износ;
- централизирано спроведување на постапки за јавни набавки за единките корисници на судската власт;
- и врши други работи предвидени со закон.

<u>Состав на Судскиот буџетски совет во 2013 година</u>

- Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија,
- Министерот за правда,
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија,
- Претседателот на Управниот суд,
- Претседателот на Апелациониот суд Скопје,
- Претседателот на Апелациониот суд Штип,
- Претседателот на Апелациониот суд Битола,

- Претседателот на Апелациониот суд Гостивар,

- Претседателот на Основниот суд Охрид, на кого мандатот му заврши на 28.10.2013 по што член на СБС согласно Законот за судски буџет е претседателот на Основен суд Прилеп,

- Претседателот на Основниот суд Кратово, на кого мандатот му заврши на 28.10.2013 по што член на СБС согласно Законот за судски буџет е претседателот на Основен суд Крива Паланка,

- Директорот на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

<u>Стручна служба на Судскиот буџетски совет</u>

Согласно член 10 од Законот за судски буџет стручните и административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручната служба на Судскиот буџетски совет на Република Македонија. Стручната служба еформирана како внатрешна организациона едиица на Судскиот совет на Република Македонија.

Стручната служба ги врши следниве работи:

-ги извршува одлуките на Судскиот буџетски совет,

-ги разработува финансиските показатели поврзани со барањата на единките корисници на судскиот буџет и ги следи материјалните потреби на судството,

-ги изготвува Деловникот за работа на Судскиот буџетски совет и другите внатрешни акти како и критериумите и методологијата за подготвување на судскиот буџет и ги поднесува на Судскиот буџетски совет на усвојување и

-врши други работи доверени од Судскиот буџетски совет.

Во стручната служба на СБС се вработени 8 извршители и тоа:

- државен советник за судски буџет – 1 извршител
- раководител на Одделение за правни прашања – 1 извршител
- раководител на Одделение за инвестиции – 1 извршител
- раководител на Одделение за информатичко комуникациски технологии – 1 извршител
- соработник – економист – 1 извршител
- соработник – правник – 1 извршител
- самостоен референт – сметководител – 1 извршител
- виш референт – архивар – 1 извршител

Стратешки план на судската власт за период 2013- 2015 година

Согласно усвоениот стратешки план за периодот 2013-2015 година, судската власт ги дефинираше следните приоритетит и цели

**Приоритети и цели**

- Независна, непристрасна, ефикасна и самостојна судска власт;
- Заштита на правата и слободите на граѓаните;
- Професионално и стручно судство;
- Зголемување на транспарентноста на судството;
- Воспоставување и развивање на современо и автоматизирано судство.

  - Финансиска независност на судската власт;
  - Постапување по предметите во разумен рок;
  - Воедначување на судската практика;
  - Почетна обука и континуирана едукација;
  - Почитување на правилата на професионална етика;
  - Јакнење на довербата на граѓаните во судството;
  - Обезбедување на квалитетни услови за работа.

**ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ВО 2013 ГОДИНА**

Согласно усвоениот ***Стратешки план на судската власт за периодот 2012-2014 година*** и зацртаните приоритети на Владата на Р. Македонија за интеграција на РМ во НАТО и Европската унија од аспект на градење на стабилни институции и владеење на правото и заштита на човековите права***, приоритетите на Судскиот буџетски совет за 2013 година се дефинираа во насока на зајакнување на финансиската независност на судскиот систем на Р.Македонија и следење на европските трендови во областа на финасирањето на судскиот систем.***

Одтука, приоритетните активности беа насочени кон

- реализација на активностите од Поглавјето бр. 3.23 Правосудство и фундаментални права, 3.231 Судство од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија во делот на судската власт,
- унапредување на буџетскиот процес во судската власт,
- ефикасно менаџирање со судскиот буџет,
- обезбедување неопходи услови за имплементација на судските реформи,
- соработка со меѓународни организации и
- зајакнување на капацитетите на Советот.

**Работа на Судскиот буџетски совет на седници**

Судскиот буџетски совет во текот на 2013 година разгледуваше, постапуваше и одлучуваше по прашања дефинирани со законските надлежности.

Судскиот буџетски совет работи на седници кои по потреба ги свикува претседателот на СБС. Во текот на 2013 година Судскиот буџетски совет одржа 5 седници, а на кои вкупно има донесено 18 одлуки во врска со разни прашања од својата надлежност.

Како позначајни одлуки донесени од страна на Судскиот буџетски совет во текот на 2013 година се следните:

1. Одлука за распределба на судскиот буџет по единки корисници за сите сметки, донесена на 71 седница одржана на ден 10.01.2013 година,
2. Годишната програма за инвестирање на ниво на судска власт за 2013 година донесена на 72 седница одржана на 15.03.2013 година
3. Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Судскиот буџетски совет и реализација на судскиот буџет за 2012 година, донесена на 73 седница одржана на 03.07.2013 година
4. Одлука за конституирање на Судскиот буџетски совет во нов состав, донесена на 74 седница на СБС одржана на 28.10.2013 година
5. Одлука за распределба на екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 по единки корисници, донесена на 75 седница на СБС одржана на 04.12.2013 година

***<u>Реализирани права на судии регулирани со Законот за судовите и Законот за платите на судиите во врска со вршењето на судиската функција за 2013 година</u>***

Судски буџетски совет секоја година активно постапува и одлучува по барањата на судиите за утврдување на правата што се регулирани со Законот за судовите и Законот за платите на судиите, а кои непосредно се поврзани со вршењето на судиската функција во местата кадешто се именувани за судии, а кои се разликуваат од нивното место на живеење. Судиите кои го исполнуваат законскиот услов, го остваруваат бараното право. Начинот на остварување на правата ги определува Судски буџетски совет со одлука.

Во текот на 2013 година седумнаесет судии се стекнале со правото на надоместок на патни трошоци; четворица судии го оствариле правото на закупнина на стан и еден судија се стекнал со правото на одвоен живот.

Преглед на податоци за утврдените права на судиите во тековната 2013 година

| Ред. бр. | Право по Закон за судови и Закон за плати на судии | Број на реализирани права | Број на нереализирани права |
|---|---|---|---|
| 1. | Надосместок за патни трошоци | 17 | / |
| 2. | Закупнина на стан | 4 | / |
| 3. | Надоместок за одвоен живот | 1 | 2 |
| | **Вкупно** | **22** | **2** |

По однос на обезбедување на правата на судиите, и понатаму останува како проблем околноста што судиите кои ја вршат судиската функција надвор од местото на нивното живеалиште не можат да го остварат правото на користење на службен стан. Барањата на судиите за одобрување на правото на користење на службен стан Судски буџетски совет ги препраќа до Владата на Република Македонија, при што судиите можат во меѓувреме до моментот на признавањето на правото да ја искористат опцијата од законот и да побараат Судски буџетски совет да им го одобри или правото на надоместок за закупнина на стан (доколку склучат договор за закуп на стан) или правото на надоместок на патни трошоци.

***Одобрени финансиски средства за исплата на парична помош (посмртнини и боледувања над шест месеци ) и отпремнина на вработените во единките корисниците од судската власт за 2013 година***

На **годишно ниво**, од Буџетот на Република Македонија за 2013 година, од ставка 464, одобрени и исплатени се финансиски средства од раздел 29010 – судска власт, програма 20 – судска администрација, категорија 46 – субвенции и трансфери во вкупен износ од **3.771.831,00** денари за исплата на надоместоци од работен однос за 2013 година.

Во тековната 2013 година, од единките корисници доставени се:

- 44 барања за парична помош, при што се одобрени и исплатени финансиски средства во вкупен износ од **795.000,00** денари;

- 5 барања за одобрувања на средства за исплата на боледувања подолги од шест месеци во вкупен износ од **138.045,00** денари и

- 67 барања за одобрувања на средства за исплата на отпремнина во вкупен износ од **2.838.786,00** денари.

Овој податок може да се согледа преку наведениот табеларен преглед

| **Основ на надоместок од работен однос** | **Вкупно реализирани** | **Вкупно исплатени** |
|---|---|---|
| Парична помош | 44 | 795.000 |
| Боледувања подолги од шест месеци | 5 | 138.045 |
| Отпремнини | 67 | 2.838.786 |
| **Вкупно** | **116** | **3.771.831** |

*Автоматизиран Буџетски Менаџмент Систем (АБМС)*

Во текот на 2013 година, Стручната служба на Судскиот буџетски совет континуирано продолжи со следење и контрола на функционирањето на АБМС апликацијата, администрирање на базата на податоци и подршка на корисниците на Автоматизираниот буџетски менаџмент систем (АБМС). Се изврши одредена унификација на сметководствената евиденција во АБМС системот која овозможува квалитетна обработка на податоците од тековната работа на судовите и изготвување аналитички материјали и информации за потребите на Судскиот буџетски совет.

Со поддршка на Проектот на УСАИД за јакнење на судството се започна процедура за имплементација на измени и доработки на постоечкиот Автоматизиран буџетски менаџмент систем (АБМС) со која ќе бидат подобрени функционалностите на стандардните модули.

*Извештај за податоците од Регистарот на судските службеници*

Судски буџетски совет во насока на остварување на една од своите законски надлежности утврдени со Законот за судска служба ( формирање на единствена рамка за развој и координација на политиките во врска со управувањето со човечките ресурси ) ги врши работите што се однесуваат на водењето на Регистарот за судски службеници.

Согласно чл.78 од Законот за судска служба, стручната служба на Судски буџетски совет води Регистар на судски службеници како единствена база на податоци за судските службеници од судската власт.Податоците за судските службеници што се внесуваат во Регистарот претставуваат класифицирани информации со степен на тајност определен согласно со закон, при што Судски буџетски совет истите ги добива од единките корисници преку доставените СС1 и СС2 обрасци што се пропишани со Правилникот за формата и содржината на обрасците за евидентирање на податоците за судските службеници.

Овој Регистар содржи податоци за вкупниот број на вработени судските службеници од судската власт како и бројот на судските службеници структурирани според одредени параметри (звање и вид на работно место, пол, возраст, степен на образование, национална припадност ) како и бројот на пријавените и на одјавените судски службеници во тековната година.

Во 2013 година континуирано се продолжи со обработка и ажурирање на податоците за судските службеници во Регистарот.

Од вкупно предвидените 3653 работни места во Правилниците за систематизција на судовите, во Република Македонија за категоријата на судските службеници кон крајот на 2013 година евидентирани се вкупно:

- 1996 вработени судски службеници во судската власт;

- 26 случаи на престанок на работен однос ( за судски службеници ) поради пензионирање;

- 1 случај на заминување на судски службеник со спогодба;

- 19 случаи на престанок на работен однос по било кој основ;

- 5 случаи на вработувања на судски службеници по пат на конкурс;

- 95 случаи на вработувања на судски службеници по основ на спогодба;

-2 случаи на вработувања на судски службеници по друг основ и

-18 судски службеници го користеле правото на неплатено отсуство од кои 4 во меѓувреме се вратиле од неплатено отсуство.

Анализа за оценувањето на судските службеници во судската власт за 2013 година

Оценувањето на судските службеници претставува континуиран процес кој има за цел да прикаже реалната состојба со квалитетот, стручноста, ефикасноста на работењето и ефективноста во извршувањето службените задачи, односно остварувањето на поставените работните цели.

Оценувањето на судските службеници е уредено со глава VI - Оценување на судските службеници од Законот за судска служба (Сл. весник на РМ бр.98/08, 161/08, 6/09 и 150/10), како и

со Правилникот за начинот, постапката и образецот за оценување на судските службеници (Сл. весник на РМ бр.70/09).

Законска обврска за доставување на извештај за оценување на судските службеници за 2013 година имале 34 судови, од кои ваков извештај до стручната служба на Судскиот буџетски совет за периодот 01.01. - 30.06.2013 година доставиле 27 судови или 79,41%, а за периодот 01.07. – 31.12.2013 година извештај за оценување на судските службеници доставиле 25 судови или 73,52%.

Табела бр.1 – Листа на судови кои не доставиле извештај за оценување на судските службеници за периодот 01.01 – 30.06.2013 година

| |
|---|
| Основен суд Скопје 2 |
| Основен суд Гостивар |
| Основен суд Дебар |
| Основен суд Неготино |
| Основен суд Ресен |
| Основен суд Крушево |
| Основен суд Делчево |

Табела бр.2 – Листа на судови кои не доставиле извештај за оценување на судските службеници за периодот 01.07. – 31.12.2013 година

| |
|---|
| Основен суд Скопје 1 |
| Основен суд Тетово |
| Основен суд Скопје 2 |
| Основен суд Неготино |
| Основен суд Ресен |

| |
|---:|
| Основен суд Крушево |
| Основен суд Гостивар |
| Основен суд Дебар |
| Основен суд Делчево |

**I.** Во судовите кои доставиле извештај за оценување за периодот 01.01. - 30.06.2013 година оценети се вкупно 1465 судски службеници.

Од оценетите судски службеници со оцена „се истакнува“ се оценети 784 или 53,51%, со оцена „задоволува“ се оценети 646 или 44,09%, со оценка „делумно задоволува“ се оценети 35 или 2,38% и со оценка „ не задоволува“ не е оценет ниту еден судски службеник.

**II.** Во судовите кои доставиле извештај за оценување за периодот 01.07. – 31.12.2013 година оценети се вкупно 1125 судски службеници.

Од оценетите судски службеници со оцена „се истакнува“ се оценети 492 или 43,73%, со оцена „задоволува“ се оценети 598 или 53,15%, со оценка „делумно задоволува“ се оценети 35 или 3,11% и со оценка „ не задоволува“ не е оценет ниту еден судски службеник.

**<u>КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСТВОТО</u>**

Обемот, квалитетот и степенот на развој на човечките ресурси и нивниот потенцијал го условува функционирањето, независноста и ефикасноста на судската власт, како и степенот на доверба на судската власт во нашето општество. Имајќи во предвид дека судиската функција е носечкиот столб во обезбедувањето и заштитата на правдата, човековите права и слободи, обезбедувањето на соодветни услови од сите аспекти за непречно реализирање на истата е дефинирано како приоритет на Судскиот буџетски совет.

Утврдувањето на бројот на потребни судиски места во судовите е во надлежност на Судскиот совет на РМ, а Советот на судската служба на судската администрација дава согласност на актите за внатрешна организација и систематизација во судовите.

На ден 31.12.2012 година во Судската власт биле вработени 3.018лица, а на ден 31.12.2013 година биле вработени вкупно 3.040 лица во судската власт, од кои:

| | | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на Судски совет | 13 | 13 | 13 |
| 2 | судии | 678 | 672 | 658 |
| 3 | Државни службеници | 36 | 38 | 41 |
| 4 | Судски службеници | 2041 | 1959 | 1989 |
| 5 | Судска полиција | 177 | 178 | 190 |
| 6 | Работници | 168 | 158 | 149 |
| 7 | вкупно | 3113 | 3018 | 3040 |

Старосната, половата и образовната структура на вработените лица во судската власт односно државните службеници, судските службеници, судска полиција, и работници (без членовите на Судскиот совет на РМ и судиите) е разнолика .

**Образовна структура**

| образование | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| ВСС | 632 | 26,68 |
| ССС | 1.549 | 65,39 |
| Основно образование | 188 | 7,93 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Полова структура**

| пол | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| Мажи | 917 | 38,71 |
| жени | 1.452 | 61,29 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Старосна структура**

| возраст | Број на вработени | Процентуална застапеност |
|---|---|---|
| 0-24 години | 13 | 0,55 |
| 25-49 години | 1.325 | 55,93 |
| Постари од 50 години | 1031 | 43,52 |
| вкупно | 2.369 | 100,00 |

**Национална структура**

| ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | | ВКУПНО вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | други | |
| **СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | 1941 | 300 | 32 | 26 | 20 | 29 | 8 | 13 | 2369 |
| Процентуална застапеност | 81,93 | 12,66 | 1,35 | 1,10 | 0,84 | 1,22 | 0,34 | 0,56 | 100,00 |

НОВИ ВРАБОТУВАЊА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ ВО 2013 ГОДИНА

Во 2013 година продолжија да се применуваат антикризните мерки на Владата на Република Македонија во делот на замрзнување на вработувањата во јавниот сектор во Република Македонија, односно и во 2013 година продолжи да важи политиката на забрана за нови вработувања согласно Правилниците за систематизација, политиката на забрана за нови вработувања со цел пополнување на упразнети работни места кои во текот на годината беа упразнети по разни основи, како и со политиката на забрана за вертикални унапредувања кај сите буџетски корисници, при што во единките корисници на судска власт не се пополнуваа трајно испразнетите работни места (по основ на пензија, отказ, избор за судија или обвинител и сл.), а не се реализираа ни вработувања по НПАА програмата.

Но, во текот на 2013 година се извршија 116 вработувања по други основи и тоа: 32 извршители се преземаа од ЈП „Македонски Шуми“, 65 извршители се преземаа од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор, 13 извршители се преземаа од Министерството за одбрана, 3 извршители се преземаа од Генералниот секретаријатот на Владата на Република Македонија и 3 вработени се вработија по објавени огласи за вработување (по добиена согласност од Министерството за финансии). Напоменуваме дека на почетокот на 2014 година се извршија дополнителни вработувања по истата согласност во повече судови во Република Македонија.

1. Преземање на извршители од ЈП „Македонски Шуми“ се изврши во следните судови:

| Р.Бр | Суд | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Основен суд Скопје 1 – Скопје | 5 |
| 2. | Основен суд Скопје 2 – Скопје | 4 |
| 3. | Судски совет на Република Македонија | 1 |
| 4. | Апелационен суд Битола | 1 |
| 5. | Основен суд Битола | 2 |
| 6. | Основен суд Прилеп | 1 |
| 7. | Основен суд Охрид | 1 |
| 8. | Основен суд Велес | 1 |
| 9. | Основен суд Куманово | 3 |
| 10. | Основен суд Тетово | 1 |
| 11. | Основен суд Гостивар | 4 |
| 12. | Основен суд Штип | 2 |
| 13. | Основен суд Струга | 1 |
| 14. | Управен суд | 4 |
| 15. | Виш управен суд | 1 |

2. Преземање на извршители од Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор се изврши во следните судови:

| Р.Бр | Суд | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Основен суд Скопје 1 – Скопје | 3 |
| 2. | Основен суд Тетово | 32 |
| 3. | Основен суд Гостивар | 12 |
| 4. | Основен суд Кичево | 10 |
| 5. | Управен суд | 8 |

3. Преземање на извршители од Министерството за одбрана за потребите на судската полиција се изврши во следните судови:

| Р.Бр | Суд | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Основен суд Скопје 1 – Скопје | 5 |
| 2. | Основен суд Скопје 2 – Скопје | 3 |
| 3. | Апелационен суд Битола | 1 |
| 4. | Основен суд Дебар | 1 |
| 5. | Апелационен суд Гостивар | 1 |
| 6. | Виш управен суд | 1 |
| 7. | Основен суд Куманово | 1 |

4. Преземање на извршители од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија се изврши во:

| Р.Бр | Суд | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Академијата за судии и јавни обвинители | 3 |

5. По објавени огласи за вработување се извршија три нови вработувања во следните судови:

| Р.Бр | Суд | Број на извршители |
|---|---|---|
| 1. | Врховен суд на Република Македонија | 1 |
| 2. | Апелационен суд Штип | 1 |
| 3. | Основен суд Кочани | 1 |

Потреба од нови вработувања во судството

И покрај тоа што во текот на 2013 година во судовите се реализираа претходно наведените вработувања, состојбата на недостиг на соодветен потребен кадар во судството беше присутен и во текот на 2013 година. Тоа се однесува на:

- раководен кадар кој ќе му помага на претседателот на судот односно судскиот администратор во раководењето со судската служба и вршењето на работите од судската управа (раководители на служба, раководители на судски оддел, раководители на судско одделение, раководители на одделение и сл.) Потребата од раководен кадар особено е нагласена со Измените на Законот за судска служба во делот на обврската за оценување на судските службеници два пати во текот на годината. При тоа најкритична е состојбата со ОС Скопје 1 и ОС Скопје 2 како најголеми судови каде судскиот администратор врши оценување на повеќе стотини лица,

- потребниот стручен и административно технички кадар кој е директно во функција на судиите и остварувањето на нивната функција (стручни соработници, дактилографи, раководители на оддели, преведувачи, доставувачи, вработени во писарница и сл.). Од извештаите на судовите за реализација на годишната програма за работа за 2013 година може да се забележат големи разслики во бројот на судската администрација во однос на бројот на судии и предмети во работа.

- стручни кадри од обласа на односи со јавност, обласа на човечките ресурси, јавна внатрешна финансиска контрола, стратешко планирање и сл. Односно се работи за кадри кои не се директно во функција на судиската функција, но кои современите текови на функционирање на институциите го наметнуваат како потреба.

*Напомена: На барање на СБС Министерството за финансии даде согласност за вработување на пет портпароли во судската власт, при што постапката за вработување заврши во текот на 2014 година.*

**ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ НА СУДСТВОТО**

Судовите во Република Македонија и другите единки корисници на Буџетот судска власт, програма 20-судска администрација, просторно се сместени во 33 згради со вкупна нето површина од 76.000 м$^2$, од кои околу 6.500 м$^2$ користат други корисници, најчесто обвинителствата. Зградите во најголем дел се сопственост на Република Македонија, иако има и судски згради кои според катастарската евиденција се водат како сопственост на судовите кои што се сместени во нив. Процесот на префрлање на правото на користење на недвижностите на

судските институции не е завршен и тоа претставува проблем за реализирање на одреден вид капитални расходи неопходно потребни за инвестиционо одржување на зградите.

Најголемиот дел од зградите во кои се сместени судските институции се со просечна старост од околу 40 години. Во најстара зграда, изградена во 1935 година е сместен Основниот суд Кавадарци, а најнова е доградбата од 2007 година на судската зграда во Гостивар, каде што е сместен Апелациониот суд Гостивар.

| СУДСКА ИНСТИТУЦИЈА | | зграда година изградба | вкупна нето површ. (м$^2$) | површина други корисници (м$^2$) | СУДСКА ИНСТИТУЦИЈА | | зграда година изградба | вкупна нето површ. (м$^2$) | површина други корисници (м$^2$) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Судски совет на РМ | 1972 | 1.177 | | 19 | ОС Струмица | 1975 | 2.695 | 45 |
| 2 | Врховен суд на РМ | 1988 | 5.422 | | 20 | ОС Тетово | 1962 | 3.113 | 319 |
| 3 | Виш управен суд | | 484 | | 21 | ОС Штип | 1975 | 2.528 | 256 |
| 4 | Управен суд | | 1.212 | | 22 | ОС Берово | 1974 | 1.026 | 47 |
| 5 | АС Скопје | 1964 | 7.691 | 1.873 | 23 | ОС Виница | 1948 | 322 | |
| 6 | АС Битола | 1958 | 2.178 | 535 | 24 | ОС Гевгелија | 1974 | 2.101 | 187 |
| 7 | АС Штип | 1956 | 1.988 | 252 | 25 | ОС Дебар | 1950/1999 | 830 | 67 |
| 8 | АС Гостивар | 2007 | 767 | | 26 | ОС Делчево | 1977 | 1.230 | 51 |
| 9 | ОС Скопје 1 | | 3.370 | | 27 | ОС Кавадарци | 1935 | 1.096 | |
| 10 | ОС Скопје 2 | 1988 | 7.568 | 97 | 28 | ОС Кичево | 1966 | 1.538 | 103 |
| 11 | ОС Битола | 1974 | 3.319 | | 29 | ОС Кратово | 1973 | 602 | |
| 12 | ОС Велес | 1959 | 2.500 | 172 | 30 | ОС Крива Паланка | 1973 | 989 | 94 |
| 13 | ОС Гостивар | 1975 | 2.673 | 439 | 31 | ОС Крушево | 1978 | 729 | |
| 14 | ОС Кочани | 1968 | 1.258 | 116 | 32 | ОС Неготино | 1989 | 658 | |
| 15 | ОС Куманово | 1960 | 2.838 | 420 | 33 | ОС Радовиш | 1974 | 1.844 | 679 |
| 16 | ОС Охрид | 1960 | 2.949 | 246 | 34 | ОС Ресен | 1974 | 546 | 27 |
| 17 | ОС Прилеп | 1950/2006 | 3.747 | 251 | 35 | ОС Свети Николе | 1974 | 898 | 66 |
| 18 | ОС Струга | 2004 | 2.061 | 192 | **ВКУПНО (м$^2$):** | | | **75.947** | **6.534** |

***Табела: Површина на просторни капацитети на судските згради во Република Македонија***

Последно поголемо инвестиционо вложување во постоечките судски згради е реализирано преку Проектот на Светската банка за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка во периодот од 2006 - 2012 година. Проектот во вид на заем од Светска банка е спроведен преку Министерството за правда и Судскиот буџетски совет. Во рамките на компонентата за подобрување на судската инфраструктура се реконструирани и опремени 11 основни судови со проширена надлежност и тоа ОС Велес, ОС Тетово, ОС Охрид, ОС Струга, ОС Штип, ОС Струмица, ОС Прилеп, ОС Гостивар, ОС Кочани, ОС Куманово и ОС Битола. Освен тоа, во просториите на Судскиот совет на Република Македонија, е направена адаптација и проширување на деловниот простор со нови 350 квадратни метри. Најзначајната активност предвидена со овој проект е изградба на нов Кривичен суд во Скопје, која се реализира со средства од заемот и дополнителни средства од Буџетот на РМ преку Министерството за правда.

За натамошно унапредување на процесот на реализација на средствата за капитални расходи, Судскиот буџетски совет, во рамките на Проектот на Светска банка за правна и правосудна

имплементација и институционална поддршка, изготви Стратешки план за капитални инвестиции во судството од Буџетот судска власт. Со планот се развиени три сценарија, со кои се предвидува реализација на инвестиции во судските институции во вредност од:

- 7,5 милиони евра - според оптимистичко сценарио;
- 5,1 милиони евра - според приоритетно сценарио и
- 2,6 милиони евра - според реално сценарио.

Покрај дефинирање критериуми за одредување приоритети и изработка на програма со динамички план и финален буџетски план за капитални инвестиции во судскиот сектор од Буџетот судска власт за тригодишен период. Преку снимање на состојбата и изработка на профил на постојните судски згради во РМ е направена детална анализа на потребите од различни реконструкции и адаптации на судските згради, која што е фокусирана на следните стратешки насоки и активности:

- отстранување на факторите кои го загрозуваат здравјето,
- обезбедување на здрава и сигурна работна средина, за вработените и корисниците и зголемување на безбедноста,
- продолжување на векот на експлоатација на објектите,
- сочувување на архивската документација,
- санација на дотраени или неисправни инсталации,
- рационализација на трошоците на објектот за загревање и климатизирање односно зголемување на енергетската ефикасност на судските згради.

Реализацијата на стратешкиот план е започната само со делумна изведба на една од предвидените активности (извршена е замена на прозорците на јужната фасада на зградата на ОС Битола), а за останатите активности треба да бидат обезбедени финансиски ресурси од Буџетот или од донатори.

## **РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2013 ГОДИНА**

Согласно член 1 од Законот за судски буџет со судскиот буџет се финасира судската власт во Репубилка Македонија. Судскиот буџет е определен како дел од Буџетот на Република Македонија.

Согласно член 2 од Законот за судски буџет Судскиот буџет претставува годишна процена на приходите и расходите на судската власт, што ги утврдува Собранието на РМ и е наменет за финасирање на судската власт. Судскиот буџет е дел од Буџетот на РМ издвоен како посебен дел означен со Судска власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр 145 од 5.11.2010 година) кој предвидува средствата за ‘‘судска власт‘‘ во Буџетот на Република Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8 %, при што за буџетската 2012 година требаше да изнесува 0,5 % од БДП на Република Македонија, а за

буџетската 2013 година 0,6%. Оваа законска одредба не се примени во 2012 година, ниту во 2013 година.

Трошоците на судскиот буџет ги опфаќаат:

***<u>Тековни трошоци:</u>***

- за платите и надоместоците на судиите,
- за платите и надоместоците на судските службеници, државните службеници и другите вработени во судството,
- за стоки и услуги за работа на судовите,
- за трошоци во постапките,
- плаќањата за други трошоци од редовната работа на судовите,
- за стручно усовршување на судиите, судските и државните службеници и другите вработени во судовите,
- за платите и надоместоците на вработените во Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- за стоки и услуги за работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- плаќањата за други трошоци од редовната работа на Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- за почетна обука на кандидати за судии и заменици на јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите, јавните обвинители, нивните заменици, на судските и обвинителските службеници, како и на државните службеници во Министерството за правда кои вршат работа од областа на правосудството.

***<u>Капитални трошоци</u>***

- набавка на капитални средства на судовите,
- инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите ,
- набавка на капитални средства за Академијата за обука на судии и јавни обвинители,
- инвестиционо одржување на објектите и опремата на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

**Предмет и обем на на работа на судството за 2013 година**

Обемот на работа на судовите е дефиниран од остатокот на судски предмети од претходна година и новопримените предмети во тековната година, решените и нерешените предмети. Судовите секоја година се соочуваат со голем обем на работа. Судовите прават огромни напори и конкретни активности во насока на совладување на приливот.

ПРИЛИВ НА ПРЕДМЕТИ ВО СУДОВИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА

| рб | Суд | Нерешени предмети од претходната година | Примени предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крајот од годината | Разлика од нерешени предмети на почеток и крај на годината |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Врховен суд на РМ | 2231 | 3765 | 5996 | 4265 | 1731 | 500 |
| 2 | Виш управен суд | 41 | 2686 | 2727 | 2640 | 87 | -46 |
| 3 | Управен суд на РМ | 14228 | 12777 | 27005 | 14544 | 12461 | 1767 |
| | **Апелациони судови** | | | | | | |
| 1 | АС Битола | 1037 | 9135 | 10172 | 9448 | 724 | 313 |
| 2 | АС Гостивар | 884 | 6562 | 7446 | 6914 | 532 | 352 |
| 3 | АС Скопје | 3937 | 18649 | 22586 | 18957 | 3629 | 308 |
| 4 | АС Штип | 143 | 6024 | 6167 | 6054 | 113 | 30 |
| | **АС БИТОЛА - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Битола | 6799 | 24021 | 30820 | 23950 | 6870 | -71 |
| 2 | ОС Крушево | 374 | 1942 | 2316 | 2001 | 315 | 59 |
| 3 | ОС Охрид | 5842 | 21839 | 27681 | 19899 | 7782 | -1940 |
| 4 | ОС Прилеп | 6362 | 21733 | 28095 | 21340 | 6755 | -393 |
| 5 | ОС Ресен | 379 | 2924 | 3303 | 2947 | 356 | 23 |
| 6 | ОС Струга | 4857 | 12393 | 17250 | 14290 | 2960 | 1897 |
| | **АС ГОСТИВАР - Основни судови** | | | | | | |
| 1 | ОС Гостивар | 10944 | 34371 | 45315 | 35554 | 9761 | 1183 |
| 2 | ОС Дебар | 717 | 2250 | 2967 | 2471 | 496 | 221 |
| 3 | ОС Кичево | 1185 | 13588 | 14773 | 13610 | 1163 | 22 |
| 4 | ОС Тетово | 7060 | 19579 | 26639 | 20355 | 6284 | 776 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС СКОПЈЕ - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Велес** | **3150** | **14458** | **17608** | **14712** | **2896** | **254** |
| 2 | **ОС Гевгелија** | **747** | **9224** | **9971** | **9342** | **629** | **118** |
| 3 | **ОС Кавадарци** | **1876** | **8568** | **10444** | **8764** | **1680** | **196** |
| 4 | **ОС Кратово** | **177** | **1854** | **2031** | **1862** | **169** | **8** |
| 5 | **ОС Крива Паланка** | **665** | **4629** | **5294** | **4673** | **621** | **44** |
| 6 | **ОС Куманово** | **12974** | **33201** | **46175** | **34260** | **11915** | **1059** |
| 7 | **ОС Неготино** | **2255** | **7119** | **9374** | **7364** | **2010** | **245** |
| 8 | **ОС Скопје I Скопје** | **56983** | **78288** | **135271** | **86081** | **50407** | **6576** |
| 9 | **ОС Скопје II Скопје** | **40272** | **34366** | **74638** | **38159** | **36479** | **3793** |
| **АС ШТИП - Основни судови** | | | | | | | |
| 1 | **ОС Берово** | **354** | **3754** | **4108** | **3874** | **234** | **120** |
| 2 | **ОС Виница** | **446** | **4623** | **5069** | **4730** | **339** | **107** |
| 3 | **ОС Делчево** | **765** | **5010** | **5775** | **5125** | **650** | **115** |
| 4 | **ОС Кочани** | **1761** | **12876** | **14637** | **13097** | **1540** | **221** |
| 5 | **ОС Радовиш** | **506** | **8354** | **8860** | **8499** | **361** | **145** |
| 6 | **ОС Св. Николе** | **817** | **5155** | **5972** | **5223** | **749** | **68** |
| 7 | **ОС Струмица** | **4436** | **23075** | **27511** | **23264** | **4247** | **189** |
| 8 | **ОС Штип** | **2603** | **14639** | **17242** | **14252** | **2990** | **-387** |

**Вкупно за судовите на цела територија на Р. Македонија**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **197807** | **483431** | **681238** | **502520** | **179935** | **17872** |

Табелата е превземена од Годишниот извештај за работата на Судскиот совет на Република Македонија за 2012 година

Судскиот буџет содржи две програми:

- програма 20-судска администрација и
- програма 30-Академија за судии и јавни обвинители

Програмата 20-Судска администрација ги опфаќа средствата за финасирање на активностите и функциите на Судскиот совет на РМ, Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите судови и основните судови со проширена и основна надлежност.

Програмата 30-Академија за судии и јавни обвинители ги опфаќа средствата за финасирање на активностите на Академијата.

**Вкупниот буџет на судската власт за 2013 година (Сл. Весник на РМ бр.167 од 26.12.2012 година) изнесуваше 1.769.399.000 денари. Предлог буџетското барање на судската власт за 2013 година изнесуваше 2.301.025.000 денари, што значи, одобрените средства со буџетот за 2013 година не беа доволни за нормално и ефективно работење на единките корисници на судската власт.**

Во текот на годината беше извршен ребаланс на буџетот на Република Македонија (Службен весник на РМбр.152 од 05.11.2013 година).

Структурата на средствата по категории е следната:

| Кат | назив | Основен буџет | % | Ребаланс на буџетот | % |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати и надоместоци | 1.521.124.000 | 85,97 | 1.512.524.000 | 85,87 |
| 42 | Стоки и услуги | 225.237.000 | 12,73 | 220.280.000 | 12,51 |
| 46 | Субвенции и трансфери | 15.828.000 | 0,89 | 18.530.000 | 1,05 |
| 48 | Капитални расходи | 7.210.000 | 0,41 | 10.065.000 | 0,57 |
| | **ВКУПНО** | **1.769.399.000** | **100,00** | **1.761.399.000** | **100,00** |

***Табела: Структура на буџет судска власт за 2013 година по категории***

Процентуалното учество на пооделните категории покажува релативно високо учество на категоријата 40- Плати и надоместоци од плати, а ниско учество на категоријата 42-Стоки и услуги во рамките на која категорија се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Недоволниот буџет на категоријата 42-Стоки и услуги имаше негативно влијание врз нормалното функционирање на судовите и редовно надмирување на обврските од работењето.

Во текот на годината Судскиот буџетски совет постојано ја следеше реализацијата на средствата по поеделни ставки и ја ценеше ургентноста од обезбедување средства за одредени потреби и изврши осум пренамени во рамките на буџетот на Програма 20-Судска администрација.

**Категорија 40 – Плати и надоместоци од плати**

Со категоријата 40 – Плати и надоместоци од плати се обезбедија средства за редовна исплата на плати и надоместоци од плати на вработените во судската администрација (тековна состојба), новоизбраните судии

Со оглед на структурата на вработените во судската власт, исплата на платите се врши согласно следните закони:

- за членовите на Судскиот совет на РМ- Закон за исплата на плати на членови на Судски совет на република Македонија,

- за судиите во Врховниот суд на РМ, Управниот суд, апелационите и основните судови- Закон за исплата на плати на судии,

- за функционерите во Академијата за обука на судии и јавни обвинители -Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители,

- за вработените службеници во Судскиот совет на РМ и Академијата со статус на државни службеници -Законот за државни службеници,

- за службениците и судската полиција со статус судски службеници- Закон за судски службеници

- за останатите вработени во судската власт- Законот за работни односи.

За оваа категорија средствата обезбедени со почетниот буџет за програма 20- судска администрација беа доволни за исплата на плати на вработените во текот на годината и стата се одвиваше редовно и навремено, согласно законските прописи.

Судскиот буџетски совет ја следеше динамиката на реализација на категорија 40-Плати и надоместоци и во текот на годината се реализираа четири пренамени од категорија 40-Плати и надоместоци од плати на категорија 42- Стоки и услуги.

**Категорија 42 – стоки и услуги**

Категоријата 42-Стоки и услуги е најдинамичната категорија во рамките на судскиот буџет од каде се обезбедуваат средства за тековно работење на судовите. Најголем дел од средствата обезбедени со буџетот, со одлуката на Судски буџетски совет бр. 02-38/7 од 09.01.2013 година, беа одобрени како буџет на единките корисници на судската власт година и со истите менаџира секој суд самостојно, а дел од средствата беа наменети за централизирани плаќања од судскиот буџет за потребите на единките корисници. Распределбата на буџетот по единки корисници се изврши согласно усвоените Критериуми и методологија за распределба на судскиот буџет, при што особено се водеше сметка за надлежноста на судот, бројот на предмети во работа, бројот на судии, барањата на судовите, неизмирените обврски од претходната година и сл.

Судскиот буџетски совет во текот на годината со одлуки даде генерални насоки за наменско, ефикасно и ефективно користење на средствата, а се спроведоа и централизирани набавки со цел заштеда на средства.

Преку модулите на АБМС системот во текот на годината се следеше реализацијата на буџетот на секоја единка и се утврдуваше потребата од дополнителни измени во одобрените буџети по пооделни единки корисници. Исто така се утврдуваа и најдобрите практики во трошењето на средства за определена намена и беа споделувани со другите единки корисници на судската власт.

Почетниот буџет за 2013 година за судската власт за оваа ставка, како и претходните години не беше согласно предлог буџетското барање на судската власт и не беше доволен за покривање на основните потреби на судскта власт. ***Практиката со ребаланс значително да се интервенира на зголемување на буџетот на оваа категорија во 2013 година не беше случај, а како последица на ефектот на светска економска криза во домашната економија***.

Во текот на годината, беа извршени и неколку пренамени на барање на Судскиот буџетски совет со цел максимално искористување на средствата.

Значајно е да се напомене дека во текот на годината согласно Упатството за начинот на извршување на налозите за извршување кои ја задолжуваат буџетската сметка (Сл.весник на РМ бр.171 од 30.12.2010 год) со цел реализација на правосилните извршни решенија, Министерството за финасии по автоматизам вршеше пренамена на средставата од категоријата 42-Стоки и услуги во корист на ставката 465-Исплата по извршни исправи, што значеше голем одлив на средства за реализација на тековните обврски. Иако со буџетот за 2013 година на оваа ставка беше одобрен износ од 5.000.000 денари, тој претставуваше само половина од вкупно реализираните средства за оваа намена до крајот на 2013 година, во износ од 10.169.968 денари.

Процентот на вкупната реализација во висина од 99,64 % е во согласност со приоритетот на Судскиот буџетски совет и судската власт за максимална реализација на судскиот буџет.

Во прилог на овој извештај е даден преглед на реализација на категорија 42 по единки корисници од аспект на конечно одобрен буџет, како и неизмирените обврски заклучно со 31.12.2013 година.

***Забелешка:*** Извршените пренамени на буџетските средства во текот на годината, за раздел 29010-судска власт, предизвикуваат измени во одобрените средства кај единките корисници. Конечните одобрени средства, согласно учеството на секој суд во распределбата на средствата на судскиот буџет состојба 31.12.2013 година треба да се сублимира во Доползтелната распределба на средства за 2013 година за единките корисници на судската власт за буџетските сметки. Советот Дополнителната распределба ја одобри со Одлука 02-1078/10 од 04.12.2013 година.

***Ставка 420 - Патни и дневни расходи***

Буџетот на ставката 420 со основниот буџет изнесуваше 300.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален за 9.000 денари, односно изнесуваше 291.000 денари.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на намалување |
|---|---|---|---|
| 300.000 | 291.000 | - 9.000 | - 3,00 % |

Со оглед на недостигот од доволно средества единките корисници реализираат минимум патувања, и тоа само во земјата, а патувања во странство воопшто не се реализираат, иако постои нагласена потреба за истите.

Она што теба да се напомене е дека буџетот е несразмерен и потценет од аспект на обезбедување редовни посети на повисоките судови на помалите, а со цел обезбедување координација, контрола во работата како и ефикасност во работењето на судовите.

Во однос на оваа ставка карактеристично е да се напомене дека законската поставеност на Судскиот буџетски совет и Советот за судска служба кои како тела се составени од членови кои се и од внатрешноста на државата, а седиштата се во Скопје, имаат потреба од чести одржување на седници, за што се потребни средства за патни расходи. Секако дека потребата од патувања на вработените во судовите последните години е поизразена и поради стратешките определби на Владата на РМ за измени на бројни закони за што се реализираа чести средби на претставници од судската власт.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 90,41 %.

***Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт***

Буџетот на ставката 421 со основниот буџет изнесуваше 109.454.000 денари, но во текот на годината со ребаланс на буџетот беше намален за 1.798.000 денари, односно изнесуваше 107.656.000 денари.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на намалување |
|---|---|---|---|
| 109.454.000 | 107.656.000 | - 1.798.000 | -1,64 % |

Во текот на годината, слободните средства од другите категории, пред се од категорија 40-Плати и надоместоци од , се пренаменија на ставката 421, со цел реализација на обврските кон Топлификација и добавувачите на нафта, а исто така дел од средствата беа наменети за релизација на обврските за реални патни трошоци на судиите.

За оваа ставка е карактеристично што и покрај настојувањето да се реализираат заштеди во трошењето, давателите на услугите најчесто се претпријатија со монополски статус, така што речиси и не постојат услови за намалување на обврските.

Судскиот буџетски совет донесе повеќе одлуки во насока на намалување на трошоците на оваа ставка, со цел обезбедување заштеда, и тоа во однос на мобилната телефонија и доставата на судските писмена. Особено се посочи потребата и обврската на судовите за меѓусебно помагање при доставата.

Најголемо оптоварување на оваа ставка и понатаму се обврските за службената достава на судските писмена. На барање на АД Македонска пошта во текот на 2013 година сите судови во Република Македонија склучија нови договори, при што цената на услугите е зголемена

**судско писмо** до 20 грама по цена од 66,00 денари

**судско писмо** над 20 до 50 грама по цена од 80,00 денари

односно зголемувањето на цената изнесува 46% што значи дека и трошоците за достава се зголемени.

Со новите измени на Законот за парнична постапка од 2010 година предвидени се повеќе начини за доставување на судските писмена освен по пошта и преку службено лице од судот, односно овозможена е достава по електронски пат, преку нотар, преку извршител и друго лице определено со закон. Електронскот доставување на судските писмена доби карактер на задолжителен начин на доставаи се врши преку информатичкиот систем на судот, на адресата на електронското сандаче на примателот на доставата. Исто така заради зголемување на ефикасноста и економичноста на постапките, законот предвидува можност тужбата, односно одговорот на тужбата , правните лекови и другите изјави, предлози и соопштенија што се даваат надвор од од расправата, да се поднесат до судот по електронски пат.

Во однос на воведувањето на електронската достава, судовите се соочуваат со проблеми во доставувањето на писмената бидејќи адвокатите и институциите се уште не се законски обврзани да поседуваат авторизирано поштенско сандаче преку што ќе се врши доставата, односно од таа причина не може целосно да се реализира доставата по електронски пат .

Со цел заштеда во трошоците, Судскиот буџетски совет има донесено Одлука со која судовите се должни да вршат меѓусебно помагање при доставата на писмената. Од направената анализа најголем дел од потребните средства за оваа намена се однесуваат на достава што се врши на подрачјето на град Скопје, а на подрачјето на судовите доставата ја вршат судските доставувачи-курири кои се во редовен работен однос во судот.

Исто така и енергенсите за затоплување на судските згради се значителен дел од оваа ставка во вкупен износ од околу 17,077,124 денари за судовите кои се греат на екстра лесно гориво, а обврските за централно греење изнесуваат околу 20.837.953 денари.

Она што последните години е сериозно оптоварување на буџетот на оваа ставка се обврските за реални патни трошоци на судиите кои живеат во една, а работат во друга општина, а кои изнесуваат околу 7.387,203 денари.

И покрај настојувањата на судовите за максимално економично работење, обврските кои како неизмирени се пренесоа во 2013 година се големи и значително ќе го оптоварат буџетот за 2014 година.

Реализацијата на буџетот на оваа ставка изнесува 99,81 %.

***Ставка 423-Материјали и ситен инвентар***

Буџетот на ставката 423 во 2013 година со основниот буџет изнесуваше 18.904.000 денари, а во текот на годината со ребалансот се зголеми за 304.000 денари, односно изнесуваше 19.208.000 денари.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на зголемување |
|---|---|---|---|
| 18.904.000 | 19.208.000 | +304.000 | 1,61 % |

Од оваа ставка се обезбедуваат средства за канцелариски материјали како и за АОП опрема. Во најголем дел од судовите воведена е евиденција на набавката и потрошувачката на канцелариски материјали и АОП опрема преку модулот за магацинско работење во АБМС системот. Со евиденцијата максимално се воведе контрола во трошењето на средствата, но сепак, неизмирените обврски покажуваат дека буџетот определен за оваа ставка не ги задоволува потребите на судовите.

Треба да се посочи дека во текот на годината повеќе судови, особено со проширена надлежност реагираа на недоволните средства за оваа ставка и дека се соочуваат со сериозни проблеми во обезбедувањето на потребна хартија и тонери за тековна работа.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 99,63 %.

***Ставка 424-поправки и тековно одржување***

Буџетот на ставката 424 со основниот буџет изнесуваше 8.630.000 денари, а во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намалена за 946.000, односно изнесуваше 7.684.000 денари.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на намалување |
|---|---|---|---|
| 8.630.000 | 7.684.000 | - 946.000 | -10,96 % |

Анализирајќи ги потставките, на одржување и поправки на возилата се одлеани најголем дел од средствата, имајќи го предвид фактот дека возниот парк со кој располагаат судовите е стар и дотраен (судовите располагаат со околу 70 возила постари од 14 години).

Исто така дел од средствата на оваа ставка се обезбедија средства за набавка на Касперски антивирус лиценци за заштита на работните станици во судовите.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 99,00 %.

***Ставка 425- Договорни услуги***

Буџетот на ставката 425 со основниот буџет изнесуваше 72.951.000 денари, но во текот на годината со измените и дополнувањата на буџетот беше намален за 1.969.000 денари, односно изнесуваше 70.982.000 денари.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на намалување |
|---|---|---|---|
| 72.951.000 | 70.982.000 | - 1.969.000 | -2,70% |

Расходите кои се опфатени со ставката ***425- Договорни услуги*** во најголем дел се однесуваат на трошоци за кривичните постапки и прекршочните постапки. Видот на трошоците како и начинот на исплата се определни со процесните закони и тоа:

1. Трошоците на кривичната постапка се издатоците направени по повод кривичната постапка од нејзино поведување до нејзино завршување и издатоците за преземените истражни дејствија пред истрагата и истите опфаќаат:

Трошоци за сведоци, вештаци, преведувачи, стручни лица, толкувачи, трошоци на увид, превозни трошоци на обвинетиот, издатоци за доведување на обвинетиот, превозни трошоци на службените лица, трошоци за лекување на обвинетиот за време додека се наоѓа во притвор и сл.

Согласно член 88 став 4 од Закон за кривична постапка овие трошоци, како и нужните издатоци на назначениот полномошник на оштетениот како тужител се исплатуваат однапред од средствата на судот, а се однесуваат на постапките поради кривични дела за кои се гони по службена должност.

Ставката 425 особено е оптоварена со исплатата на правосилните решенија кои произлегуваат од член 93 од Законот за кривична постапка –пречистен текст (Сл. весник на РМ бр.15/05) кои се однесуваат на трошоците од ослободителните пресуди кои паѓаат на товар на судскиот буџет, а за кои во постапката пред судот како странка се јавува Јавното обвинителство на РМ.

2. Трошоци на прекршочна постапка се издатоци за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи, увиди и претресување на простории и лица и чување на одземени предмети, издатоци за приведување, трошоци за службени дејствија и за службени лица и издатоци за лекување на обвинетиот, а се дефинирани со член 122 став 3 од Законот за прекршоци.

Значително оптоварување на буџетот предизвика високата цена на услугите на Институтот за судска медицина, а исто така тоа предизвика сериозни проблеми во работата на судовите.

Напорите за заштеди по однос на оваа ставка се ограничени имајќи го предвид споменатото дека се работи за законски права на странките во судскиот процес, како и на обезбедување на експертизи на кои се базира судската пресуда.

Реализацијата на оваа ставка изнесува 99,81 %.

***Ставка 426- Други тековни расходи***

Износот на ставката 426 со основниот буџет изнесуваше 1.948.000 денари, но во текот на годината беше намален за 109.000 денари, односно изнесуваше 1.839.000 денари. Средствата од оваа ставка се наменети за тековни расходи, и се значително ниски во однос на реалните потреби на судовите.

| Буџет 2013 | Ребаланс 2013 | разлика | % на намалување |
|---|---|---|---|
| 1.948.000 | 1.839.000 | - 109.000 | -5,59% |

Реализацијата на оваа ставка изнесува 96,64 %.

**Категорија 46 - Субвенции и трансфери**

Буџетот на ставката 464 со основниот буџет изнесуваше 10.828.000,00 денари. Вака обезбедените средства не беа доволни за покривање на обврските од правата од работен однос на вработените во судската власт, за извршните и правосилните пресуди на товар на судскиот буџет.

Во текот на 2013 година од страна на Врховниот суд на Република Македонија се донесени вкупно 207 решенија за повреда на правото на судење во разумен рок, по кои Судскиот буџет е задолжен да исплати правичен надоместок и трошоци на постапката во вкупен износ од 7.797.950,00 денари. Од вкупно 207 решенија, во 119 решенија е досуден правичен надоместок и трошоци на постапката во вкупен износ до 30.000,00 денари, 72 решенија во вкупен износ до 60.000,00 денари, 12 решенија во вкупен износ до 90.000,00 денари и 4 решенија во вкупен износ над 90.000,00 денари. При тоа од 01.01.2013 до 31.12.2013 година согласно уредно доставените податоци за исплата на надоместокот од страна на странките во постапките од наведениот износ исплатени се вкупно 8.517.963,00 денари.

Треба да се напомене дека и покрај потешкотиите околу прибирањето на податоците од странките на кои им е досуден правичниот надомест, а врз основа на кои се врши реализацијата, СБС особено внимава на почитување на законскиот рокот за исплата на овие надоместоци во рок од три месеци.

Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година, Судскиот буџетски совет и во 2013 година континуирано продолжи да постапува по поднесените барања на единките корисници од судската власт за обезбедување средства за исплата на надоместоци од работен однос ( парична помош за боледувања подолги од шест месеци,

солидарна помош и отпремнини ) при што се исплатени вкупно 3.770.350 денари од судскиот буџет.

Категоријата 46 особено е оптоварена со исплатата на правосилните и извршните решенија кои произлегуваат од член 93 од Законот за кривична постапка –пречистен текст (Сл. весник на РМ бр.15/05). Ова се однесува на трошоците од ослободителните пресуди паѓаат на товар на судскиот буџет, како и обврските на единките корисници кои не се подмирени во законскиот рок поради недостиг на средства, а добавувачите по судски пат ги реализираа средствата. Вкупниот износ исплатен по овој основ изнесува 10.169.968 денари.

Реализацијата на оваа категорија изнесува 99.82 %.

## КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За категорија 48 - капитални расходи, за инвестиционо одржување на судските згради со Буџетот судска власт за 2013 година беа предвидени ***7.210.000*** денари за Програма 20-судска администрација.

Буџетски одобрените средства за Програма 20 – судска администрација претрпеа измени со одобренија од Министерството за финансии бр. 07-11104/3 од 15.03.2013 година и 07-24255/2 од 30.07.2012 година, кои беа ефектуирани со Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РМ за 2013 година од 05.11.2013 година. Со измените капиталните расходи за Буџет судска власт – Програма 20 Судска администрација за 2013 година се нивелирани на ***9.635.000*** денари.

Целосен преглед на распределбата во категорија 48 капитални расходи - Програма 20 – Судска администрација по ставки, со направените измени во текот на годината, е прикажан во следната табела:

| | Буџет 2013 Програма 20 – Судска админстрација | Одобрение Министерство за финансии 15.03.2013 | Годишна програма 21.03.2013 | Одобрение Министерство за финансии 30.07.2013 | Измена на Буџет 2013 и измена на Годишна програма 05.11.2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| *480* | **2.435.000** | 1.950.000 | 1.950.000 | 2.400.000 | **2.400.000** |
| *481* | **30.000** | 30.000 | 30.000 | 30.000 | **30.000** |
| *485* | **4.745.000** | 7.460.000 | 7.460.000 | 7.205.000 | **7.205.000** |
| ***48*** | **7.210.000** | **9.440.000** | **9.440.000** | **9.635.000** | **9.635.000** |

***Табела: Преглед распределба со измени на кат. 48-капитални расходи во Програма 20 – Судска админстрација***

Во рамките на одобрените средства, Судскиот буџетски совет ја спроведе Годишната програма за инвестирање од Буџетот судска власт за 2013 година (ГПИ), која ги опфати само најнеопходно потребните инвестициони активности за работа на судските институции во Република Македонија.

Заради овозможување на динамично следење на потребите на единките корисници, а во функција на поефикасна реализација на ГПИ, Судскиот буџетски совет и во 2013 година донесе Одлука за овластување на претседателот на СБС да врши пренамена на средства определени во делот Судска власт.

Приоритет во планирањето на капиталните расходи од Буџетот судска власт за 2013 година имаше одржувањето на неопходно потребното ниво на заштита на компјутерската инфраструктура на судскиот систем во Република Македонија. За таа цел од ставка 485 – вложувања и нефинасиски трансфери беше набавен потребниот софтвер за Firewall Check Point заштита во судовите во РМ во износ од 4.757.550 денари. Со буџетот не можеа да бидат обезбедени доволно средства за покривање на годишниот трошок за одржување на АКМИС системот за управување со судските предмети и за одржување на системот за бекап, поради што беше покриена само една половина од трошоците во износ од 1.769.160 денари за АКМИС-от и 675.000 денари за централизиран бекап. Останатата половина од овие трошоци во износ од 2.400.000 денари е планирана да се реализира во 2014 година.

Поголема инвестициона активност реализирана од ставка 480 – купување на опрема и машини беше набавката на потребниот систем за климатизација на сервер салата во ИТ центарот во Врховниот суд на Република Македонија во износ од 1.699.908 денари.




*График: Преглед распределба од Буџет 2013 по ставки во кат. 48-капитални расходи во Програма 20 – Судска админстрација*

Реализацијата на активностите за предвидените капитални расходи во рамките на ГПИ за програма 20 – судска администрација во 2013 година го задржа трендот на висока искористеност на буџетски распределените средства. Од вкупно одобрените **9.635.000** денари за капитални расходи, судовите и другите единки корисници реализираа ***9.610.507*** денари, со што се постигна остварување со висок релативен показател од ***99,75***%.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СУДОВИТЕ ЗА 2013 ГОДИНА

Со судскиот буџет определен како дел од Буџетот на Република Македонија, покрај средствата одобрени од буџетот на РМ, се планира, усвојува и реализира и буџетот на сопствените приходи на судовите.

При проектирањето на буџетот на сопствените приходи за 2013 година се зедоа во предвид следните основи на приходи:

- приходи остварени од други неданочни приходи;
- приходи од осигурувања на имот.

Буџетот во овој дел се предвиде во износ од 41.972.000 денари, а се распредели по единки корисници согласно Одлуката за распределба 02-38/8 од 09.01.2013 година врз основа на барањата на единките корисници. Реализацијата на буџетот од сопствени приходи е прикажана табеларно во прилог на Извештајот.

Со влегувањето во сила на Законот за измена и дополна на законот за судски буџет се зголемија основите по кои судовите можат да остваруваат сопствени приходи и тоа депозити, закупнини, судски паушали и слично. Судските паушали се најзначаен основ на обезбедување средства од сопствени приходи и истите ги остваруваат само основните судови. Со цел обезбедување поголем степен на наплата на паушалите судовите во текот на годината превзедоа повеќе мерки, а за паушалите кои не се наплатуваа од страна на странките, наплата се реализираше со поднесување на барање за извршување до извршителите. Треба да се напомне дека не постои военаченост меѓу судовите во однос на износот на прилив на средства по овој основ.

## АКАДЕМИЈА ЗА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

За Академијата за судии и јавни обвинители во 2013 година беше одобрен буџет од 27.584.000 денари, што е за 2,7% помал во однос на 2012 год. Во текот на 2013 година, со ребаланс на буџетот средствата за програма 30 беа намалени за 3.385.000 денари, односно буџетот на Академија изнесуваше 24.199.000 денари. Одобрените средства за реализирање на почетната обука и постојаното стручно усовршување не беа доволни за активностите предвидени со плановите за работа на Академијата, поради што беше одобрена пренамена на средства од други ставки во рамките на буџетската програма 30-Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Во текот на 2013 година, Академијата за судии и јавни обвинители спроведе низа активности за реализирање на планот за почетна обука на кандидатите за судии и јавни обвинители и за континуирана обука на судиите и јавните обвинители и други целни групи. Во периодот од 1 јануари до 31 декември 2013 година, во Академијата се реализираше приемот на V-та генерација кандидати за судии и јавни обвинители.

Во текот на 2013 година, во организација на Академијата или во соработка со други организации, беа одржани вкупно 272 семинари и повеќе специјализирани програми, на кои учествуваа 7.366 учесници, меѓу кои 4.151 судии, 1.256 јавни обвинители, 796 стручни соработници и административни работници во судовите и од обвинителствата и 1.133 други учесници претставници од други релевантни институции, организации, невладин сектор итн., поканети од страна на Академијата, а работат на области поврзани со содржината на обуката.

Процентот на реализација на буџетот на Академијата за судии и јавни обвинители е висок и е согласно приоритетите на Судскиот буџетски совет за максимална реализација на буџетот. Напоменуваме дека при одобрувањето на буџетот беа одобрени средства за нова генерација на кандидати за судии и јавни обвинители, но огласот беше повторувам неколку пати и од таа причина дел од средствата на категорија 40-Плати и надоместоци од каде требаше да се обезбедат средства за плати на кандидатите остана неискористен.

Во текот на 2013 година со пренамена на средства од пооделни ставки беа одделени средства на ставките каде што се појави недостаток на средства за реализација.

Реализацијата на буџетот за програма 30-Академија е дадена во табела во прилог на Извештајот.

**Средства примени од донации**

Академијата за судии и јавни обвинители за 2013 година има реализирано четири проекти за чии што потреби се обезбедени средства од страна на странски донатори. Во текот на пресметковниот период во рамките на оваа сметка по основ на донации се остварени приходи во износ од 6.266.580. Дел од донаторските проекти се во целост реализирани во текот на годината, остатокот од средствата од овие проекти согласно со договорите кои се склучени со странските донатори ке се реализираат во текот на 2014 година. Годината за која се изготвува завршната сметка е завршена без обврски.

Од вкупно остварените приходи во износ од 6.266.580,00 денари во тековната 2013 година се реализирани средства во износ од 5.306.366,00 денари. Дел од средствата не се реализирани поради тоа што проектите од кои се обезбедени средствата продолжуваат со своите активности и во 2014 година.

Средствата од донаторската сметка воглавно се однесуваат на ставка-425 каде што спаѓаат трошоците за исплата на хонорари на едукатори, преведувачи, изнајмување на опрема и сл., дел од реализацијата се врши од ставка-420 каде што спаѓаат патните трошоци и трошоците за сместување на учесниците на семинари.

**ЗАКЛУЧОЦИ ЗА УСПЕШНОСТА ВО ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗА 2013 ГОДИНА И НАСОКИ ЗА ПОНАТАМОШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ**

- **почетниот буџет** за судската власт за 2013 година не ги задоволуваше потербите на судската власт за **остварување на основните функции на единките корисници;**
- **во текот на годината се донесоа** одлуки на Судскиот буџетски совет заради ублажување на состојбата во тековните расходи на судовите;
- следејќи ја состојбата по единки корисници преку АБМС-от, **извршени се бројни реалоцирања на средства во рамките на категоријата 42-тековни расходи,** со цел рационално искористување на одобрените финансиски средства;
- **работењето на судовите во 2013 година е со континуирани редовни ревизиски контроли од Внатрешната ревизија во судската власт и Државниот завод за ревизија на Република Македонија.** По извршените контроли и констатираните неправилности во процесот на извршувањето на судскиот буџет во судот, судовите имаат обврска во законски предвидените рокови истите да ги отстранат, за што е потребно да го известат СВС и органите кои спроведуваат контроли;
- **контрола на извршувањето на судскиот буџет** се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и трезорското работење во Република Македонија;
- **се врши имплементација на новите законски решенија и измените и дополнувањата на законите од областа на судството;**
- **преку АБМС системот обезбедено е секојдневно следење на реализација на буџетите на единките корисници** и секојдневното следење на спроведување на активностите;
- остварена е координација на активности со меѓународните донатори USAID и Светска банка;
- остварена е транспарентност во работењето.
- **Во текот на 2013 година состојбата во однос на потребните и обезбедените финансиски средства за судската власт беше неповолна**. Судскиот буџетски совет и менаџментот на судовите перманентно беа насочени кон постигнување на максимум ефекти со минимум средства, кон утврдување на најдобрите практики на одвивање на постапките и споделување на истите меѓу единките корисници на судската власт. И покрај тоа што менаџментот на судовите, претседателите и судските администратори крајно сериозно го реализираат делот на обврските во врска со финансирањето на судовите, недостигот на средствата е евидентен и константен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

НА СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Александра Зафировска